**Врз основа на член 138 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11 и 51/11), министерот за финансии, донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИОТ БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ, СТРУЧНАТА КВАЛИФИКАЦИЈА И ОПРЕМАТА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

**Службен весник на РМ, бр. 142 од 13.10.2011 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува потребниот број на вработени, стручната квалификација и опремата за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа.

## Член 2

Правното лице, за да добие овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа треба:

- да има најмалку двајца вработени со најмалку средно образование, кои поседуваат меѓународен сертификат издаден од овластен независен институт или лабораторија, за стекната стручна обука за вршење на работите за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и
- да располага со технолошка, информатичка, електронска и механичка опрема за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа наведена во член 4 на овој правилник.

## Член 3

Лицата од член 2 алинеја 1 на овој правилник треба да имаат стекнато стручна обука за вршење на работите кои се однесуваат на:

- начинот и постапката на пуштање во употреба на новите автомати за игри на среќа, во врска со моделот, серискиот број, механичките бројчаници, надворешниот изглед, типот, позицијата на автоматот, поврзувањето на автоматот со онлајн системот, евидентната плочка, функционирањето на валидаторот за книжни банкноти, жигосувањето на автоматите, означувањето и регистрацијата на автоматите, пломбирањето на механичките бројчаници на автоматите и други работи кои се однесуваат на начинот и постапката на пуштање во употреба на новите автомати за игри на среќа;
- начинот и постапката на исклучување од употреба на автоматите за игри на среќа, во врска со нивната позиција, физичкото броење, проверката на серисксите броеви на автоматите и плочките за означување и регистрација, оштетувањата на жигот или плочката, проверката на техничката исправност и функционалноста на автоматите, отстранувањето на плочките и жиговите, отстранувањето на пломбата од механичките бројчаници и други работи кои се однесуваат на начинот и постапката на исклучувањето од употреба на автоматите за игрите на среќа;
- издавањето на уверенија за техничка исправност на автоматите;
- вршењето на годишниот преглед и вонредните контроли во врска со тоа дали серисксите броеви се сложуваат со евидентираните плочки, исправноста на пломбите, важноста на издадените уверенија и други работи кои се однесуваат на годишниот преглед и вонредните контроли и
- вршењето проверка на софтверската програма за остварување на добивка од најмалку 87% од вредноста на уплатите во автоматите за учество во игрите на среќа.

**Член 4**

Правното лице, од член 2 на овој правилник треба да располага со:

1. технолошка и информатичка опрема за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа со која се проверува:

- дали софтверот на автоматите за игри на среќа е сертифициран и дали софтверот и матичната плоча на автоматите за игри на среќа се технички исправни;
- дали автоматот за игри на среќа е програмиран така што вкупниот број програмски комбинации им исплатуваат на учесниците во игрите на среќа најмалку 87% од вредноста на уплатите за учество во игрите на среќа и
- дали електронската програма со која се одредува добивката или загубата по пат на генератор на случајни броеви е технички исправна и дали генераторот на случајни броеви ги исполнува условите на независност и непредвидливост на случајниот број;

2. механичка и електронска опрема, односно дигитални и аналогни инструменти со кои се проверуваат видот и типот на автоматот, податоците за производителот, месецот и годината на производство, серискиот и инвентарниот број, електричната сигурност, електромагнетната компатибилност, влијанијата предизвикани од радио бранови и противексплозивна заштита, штоперици, комплети за мерење на појачувањето на електронските склопки, осцилоскопи, логик-тестери и други соодветни инструменти за утврдување на техничката исправност на автоматите и масите за игри на среќа и
3. компјутери, читачи на EPROM, SIMM картички и разни флеш картички, дигитални апарати и печатари за издавање на уверенијата за техничката исправност на автоматите, подвижни мерила, мерни листови, клешти за запечатување и печатни налепници.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-30107/3
6 октомври 2011 година

Министер за финансии,
Скопје м-р **Зоран Ставрески,** с.р.